РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.КУ.010.02

# КОРИСНИЧКО УПАТСТВО ЗА РАЗМЕНА НА ПОДАТОЦИ ПОМЕЃУ ЦАРИНСКАТА УПРАВА И РЕГИСТРИРАНИТЕ ТРГОВЦИ ПРЕКУ ВЕБ СЕРВИС ВО РАМКИ НА СИСТЕМОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО СЛЕДЕЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО МИНЕРАЛНИ МАСЛА КОИ СОДРЖАТ МАТЕРИИ ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ

Декември 2014

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 27.12.2013 | Прво издание | / | / |
| 02 | 18. 12. 2014 | Второ издание | Дополнето<br>Изменето<br>Дополнето | Точка 2<br>Точка 5<br>Точка 6 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## I. Општи одредби

1. Со ова Корисничко упатство се уредува начинот на користење на апликацијата за размена на податоци помеѓу Царинската управа и регистрираните трговци преку веб сервис во рамки на Системот за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за обележување.

## II. Терминологија

2. Во продолжение се опишани термините кои се употребуваат во ова Корисничко упатство.

| | |
|---|---|
| ЦУРМ | Царинска управа на Република Македонија |
| ЕО | Економски оператор |
| XML | Extensible Mark-up Language |
| GPRS | General Packet Radio Service |
| 3G | Third Generation Mobile Network |
| 4G | Fourth Generation Mobile Network |
| IMEI | International Mobile Station Equipment Identity |
| SIM | Subscriber identity module |
| APN | Access Point Name |

## III. Основни информации

3. Системот за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за обележување има за цел да обезбеди:
   - контрола на движењето на акцизните стоки (во случајот минерални масла кои содржат материја за обележување);
   - размена на електронски пораки во рамки на автоматско административно одвивање на операциите;
   - ефикасност во спроведување на контролите кои ЦУРМ ги презема над економските оператори ;
   - олеснување на трговија со забрзан проток на стока и
   - подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување.

## IV. Пристап до веб сервисот

4. Пристапот до веб сервисот ќе биде обезбеден преку веб локација која ќе биде дополнително дефинирана. Сервисот се состои од една веб метода SubmitData. Истата е дефинирана како:

public string SubmitData(string eoVAT, string locationID, string IMEI, string dateOfData, string xmlContent, out string errMsg, out string trnsGUID)

Методата овозможува електронско поднесување на податоци од продажба на минерални масла кои содржат материи за обележување. Параметрите на веб сервисот се опишани во точка 5.
Пристапот до веб сервисот во продукциска околина ќе биде овозможен со криптиран тунел од регистрираното место за продажба до ЦУРМ со користење на комуникациски мрежи на мобилните оператори во Република Македонија. Начинот на комуникација детално е опишан во точка 6.

## V. Опис на параметрите на веб сервисот

5. Методот **SubmitData** овозможува електронско поднесување на податоци од продажба на минерални масла кои содржат материи за обележување. Влезно излезните параметри на методот се опишани во следната табела:

| **Параметар** | **Опис на параметарот** | **Влезен/ излезен** | **Тип на податок** | **Големина/ оганичување** | **Задолжителен податок** |
|---|---|---|---|---|---|
| eoVAT | ЕДБ (Единствен даночен број на субјектот) | Влезен | string | Фиксна 13 цифри | Да |
| locationID | Шифра на рег. место од регистарот на ЦУРМ | Влезен | string | Променлива | Да |
| IMEI | IMEI шифра на GPRS/3G уредот | Влезен | string | Променлива | Да |
| dateOfData | Датум на продажба, формат dd.MM.yyyy | Влезен | string | Фиксна 10 карактери | Да |
| xmlContent | XML содржина | Влезен | string | Променлива | Да |
| errMsg | Детална информација при можна грешка | Излезен | string | Променлива | Да |
| trnsGUID | Единствен идентификционен код под кој е зачувана трансакцијата во системот на ЦУРМ | Излезен | string | Фиксна 36 карактери | Да |

Методот SubmitData дава повратен резултат од тип **string** кој може да ги има следните вредности:

| **Резултат на SubmitData** |
|---|
| ОК: Успешно поднесени податоци |
| NOK: Неуспешно поднесени податоци |

Вредностите кои можат да се добијат преку излезниот параметар **errMsg** се информации поврзани при неуспешна обработка на податоците и истите се дадени во следната табела:

| **Порака** | **Опис** |
|---|---|
| За специфицираниот датум и продажно место во XML-от веќе имате поднесено податоци | За избраниот датум и продажно место, ЕО веќе има поднесно податоци и истите се успешно обработени од системот |
| Неуспешно обработени податоци за транскации од продажби во поднесениот XML | ЕО потребно е поворно да ги испрати податоците до Системот на ЦУРМ |
| Не постои активен економски оператор со даденот број на регистрација | Невалиден  број на регистрација во XML спецификацијата |
| Во регистрацијата со дадениот број не постои специфицираната локација | Невалидна шифра на локација во XML спецификацијата |
| Не постои минерално масло со специфицираниот код | Невалидна шифра на минерално масло во XML спецификацијата |
| Неконзистентност на датумот во веб методот и датумот на продажба во XML-от | Влезниот параметар dateOfData во методот мора да биде еднаков со елементот Date_of_sale_transactions во XML спецификацијата |
| Некомплетни податоци за купувач | Некомплетни податоци за купувач, ЕДБ/ЕМБГ, Име и презиме на купувач, Адреса на купувач |
| Приказ на информација | Детална информација при нарушена XML структура во однос на дефинираната XSD шема |
| Системска грешка | Системска грешка |

## VI. Начин на комуникација

6. Податоците кои се испраќаат од регистрираните трговци до ЦУРМ се пренесуваат преку криптиран тунел помеѓу продажно место и ЦУРМ со користење на комуникациски мрежи на мобилните оператори во Република

Македонија. За оваа цел регистрираните трговци на ниво на продажно место потребно е да поседуваат GPRS/3G/4G уред. Од страна на мобилните оператори за потребите на проектот ќе се издаваат SIM картички кои ќе припѓаат на посебен APN преку кој корисниците (регистрираните трговци) ќе имаат пристап до Царинска управа.

## VII. Завршни одредби

7. Ова Корисничко упатство влегува во сила на денот на донесувањето и истото ќе биде објавено на интранет и интернет страната на Царинската управа.

8. Со влегување на ова Упатство во сила, престанува да важи Корисничкото упатство за размена на податоци помеѓу Царинската управа и регистрираните трговци преку веб сервис во рамки на Системот за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за обележување, бр. 01 - 073260/13 - 0001 од 27.12.2013 год.

Директор
Наташа Радеска Крстевска

Бр. 01 - 073260/13 - 0002
Скопје, 18. 12. 2014 година

Изработил : Владимир Цицалески
Одобрил: Зоран Блажевски
Согласен: Драган Јолевски

| | |
|---|---|
| Корисничкото упатство го подготви: | Сектор за информатички и комуникациски технологии |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за управување со човечки ресурси<br>Сектор за информатички и комуникациски технологии<br>Архива |